		461211	Патенти, лиценци, права на експлоатација и авторски права			
	463		**Купување на мебел и канцелариска опрема**	0.00	0.00	0.00
	4631		**Купување на мебел**	0.00	0.00	0.00
		463111	Купување на канцелариски мебел			
		463114	Купување на друг мебел			
	4632		**Купување на опрема**	0.00	0.00	0.00
		463211	Купување на канцелариска опрема			
		463212	Купување на информатичка опрема			
		463213	Купување на клима уреди			
		463218	Купување на друга опрема			
	464		**Купување на моторни возила**	0.00	0.00	0.00
	4641		**Купување на моторни возила**	0.00	0.00	0.00
		464111	Купување на моторни возила			
		464112	Купување на автомобили			
	465		**Физибилити студии, подготовка на проекти и дизајн**	0.00	0.00	0.00
	4651		**Физибилити студии**	0.00	0.00	0.00
		465111	Физибилити студии			

Катег.	Ставка	П.Став.	Основна и поблиска намена	Планирано 2003	Ребаланс 2003	Извршено 2003
	4652		**Изработка на проекти**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		465211	Изработка на проекти			
	466		**Машинска опрема**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
	4661		**Машинска опрема**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		466113	Опрема за електрификација на села			
		466117	Градежна механизација			
		466118	Друга машинска опрема			
	467		**Изградба, реновирање и унапредување**	**25,940,000.00**	**30,843,983.50**	**28,745,279.00**
	4671		**Изградба на објекти**	**25,940,000.00**	**30,843,983.50**	**28,745,279.00**
		467112	Изградба на деловни објекти			
		467117	Изградба на патишта ,улици и тротоари	**9,260,000.00**	**5,100,000.00**	**4,412,288.00**
		467118	Изградба на мостови	**3,500,000.00**	**6,743,983.50**	**5,962,315.50**
		467120	Изградба на споменици			
		467121	Изградба на други објекти	**13,180,000.00**	**19,000,000.00**	**18,370,675.50**
		467122	Плаќање по основ на Данок на додадена вредност за капитални расходи од донации			
	4672		**Унапредување**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		467212	Пошумување			
		467213	Изградба на пречистителни станици и колектори			
		467214	Изградба на депонии за отпад			
		467215	Друго унапредување			
	468		**Основно и специјално одржување**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
	4681		**Реконструкција и реновирање**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		468111	Реконструкција на градежни објекти			
		468112	Реконструкција на опрема			
		468113	Реконструкција на патишта и патни објекти			
		468114	Реконструкција на улици			
		468115	Други реконструкции и реновирања			
47			**КАПИТАЛНИ ТРАНСФЕРИ**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
	472		**Капитални трансфери до други нивоа на власт**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
	4721		Капитални трансфери до други нивоа на власт	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		472111	Трансфери до недоволно развиените ЕЛС за поттикнување на развојот на неразвиени подрачја			
		472112	Трансфери до ЕЛС за водоснабдување			
		472113	Трансфери до ЕЛС за заштита на животната средина			
		472114	Други трансфери до ЕЛС			

Катег.	Ставка	П.Став.	Основна и поблиска намена	Планирано 2003	Ребаланс 2003	Извршено 2003
			З А Е М И			
48			**Заеми и учество во капитал**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
	481		**Домашнизаеми и учество во капитал**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		4812	**Заеми и учество во капиталот на нефинансиски јавни претпријатија**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		481213	Учество во јавни комунални претпријатија			
		4813	**Заеми до финансиски институции**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		481314	Позајмици од буџетот			
49			**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
	491		**Отплата на главница по домашен долг**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		4911	**Отплата на главница по домашен долгорочен долг**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		491112	Отплата на главница по долгорочни кредити			
		4912	**Отплата на главница по домашен краткорочен долг**	**0.00**	**0.00**	**0.00**
		491212	Отплата на главница по краткорочни кредити			

Програма 3

3.Проект за подобра информираност на граѓаните

Поткатегорија / Ставка / Подставка	Основна и поблиска намена	Планирано 2003 год.	Ребаланс 2003 год.	Извршено 2003 год.
	ТЕКОВНИ РАСХОДИ	**0,00**	**740.168,00**	**633.190,00**
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	***0,00***	***740.168,00***	***633.190,00***
420	**Патни и дневни расходи**	***0,00***	***40.720,00***	***20.360,00***
4201	**Службени патувања во земјата**	**0,00**	**40.720,00**	**20.360,00**
420113	Патување во земјата - сместување		40.720,00	20.360,00
424	**Материјали**	***0,00***	***233.057,00***	***147.073,00***
4241	**Административни материјали**	**0,00**	**4.010,00**	**4.010,00**
424111	Канцелариски материјали		4.010,00	4.010,00
4247	**Други материјали**	**0,00**	**229.047,00**	**143.063,00**
424713	Други материјали		229.047,00	143.063,00
426	**Договорни услуги**	***0,00***	***466.391,00***	***465.757,00***
4266	**Финансиски услуги и осигурување**		**3.089,00**	**2.455,00**
426612	Банкарска провизија		3.089,00	2.455,00
4267	**Стручни услуги**	**0,00**	**463.302,00**	**463.302,00**
426718	Други договорни услуги		463.302,00	463.302,00

Член 5

Завршната сметка на Буџетот на ЕЛС-Велес за 2003 год.ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Стеванка Богоевска с.р.

2.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на ДУП за Централно градско подрачје-локалитет "Е"

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на ДУП за Централно градско подрачје-локалитет Е, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09 март 2004 година.

Број 0801-523/2
12 март 2003 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член18, став 1,точка2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ" бр.52/95) член 22,став 3 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ" бр.4/96, 28/96,28/97,53/01), и член 23 став 1,точка 15 од Статутот на Општина Велес бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.03.2004 година донесе:

О Д Л У К А
за измена и дополнување на ДУП за Централно градско подрачје -локалитет "Е"

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на ДУП за Централно градско подрачје -локалитет "Е" донесен од страна на Собранието на Општина Титов Велес со Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Централно градски подрачје на град Титов Велес бр.08 - 189 од 28.06.1996 година.

Измената и дополнувањето на деталниот урбанистички план се изработени според Правилникот за стадарди и нормативи за планирање на просторот("Сл.весник на РМ"бр.2/02).

Член 2

Просторот за кој се однесува измената и дополнувањето на ДУП за Централно градско подрачје -локалитет "Е" е со површина на урбано подрачје од 1,00 ха.

Во докумантационата основа и во планираниот развој опфатот е еден урбан модул.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје: почнува од составот на постојните улици "Маршал Тито" и "Владимир Назор" од северната страна и оди по должината на наведените улици од источната и западната страна се до пешачката патека,од јужната страна (непосредно до киното "11-Октомври),каде што завршува.

Со останатите делови од централното градско подрачје и поширокота околина, локалитетот е поврзан преку улиците "Маршал Тито" и "Владимир Назор".

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

- Текстуален дел и Графички дел со одредби за спроведување на измена и дополнување на ДУП за Централно градско подрачје -локалитет "Е".
- Стручна ревизија на Нацрт - измена и дополнување на ДУП за Централно градско подрачје локалитет "Е".
- Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.
- Извештај од јавна анкета со образложение за неприфатени забелешки .

Член 4

За измена и дополнувањето на ДУП за Централно градско подрачје локалитет "Е"има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.13-241 од 30.01.2004година.

Член 5

Измената и дополнувањето на ДУП за Централно градско подрачје локалитет "Е" ги потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 4 (четири) примерока од кои еден примерок задржува доносителот на Планот,а останатите примерока се доставуваат до ПЕ на Министерството за транспорт и врски -Велес.

Член 6

Измената и дополнувањето на ДУП за Централно градско подрачје локалитет "Е"ќе ги спроведува Министерството за транспорт и врски- ПЕ Велес .

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број.0701-484/2
09.03.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

3.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за преземање на основачките права на Народната библиотека "Гоце Делчев"-Велес и Народниот музеј-Велес

Се прогласува Одлуката за преземање на основачките права на Народната библиотека "Гоце Делчев"-Велес и Народниот музеј-Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09 март 2004 година.

Број 0801-523/3
12 март 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 94 од Законот за културата (пречистен текст) („Сл.весник на РМ" бр.66/03), член 36, став 1, точлка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 4 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2004 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за преземање на основачките права на Народната библиотека „Гоце Делчев" Велес и Народниот музеј Велес

Член 1

Се превземаат основачките права и се утврдуваат како Општински установи, Народната библиотека „Гоце Делчев" Велес и Народниот музеј Велес.

Член 2

Установите од претходниот член на оваа одлука продолжуваат со работа како општински.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/3
09.03.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

4.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за наменско користење на деловна зграда-објект сопственост на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за наменско користење на деловна зграда-објект сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/20
12 март 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за наменско користење на деловна зграда-објект сопственост на Општина Велес

Член 1

Во член 2 од Одлуката за наменско користење на деловна зграда-објект сопственост на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.4/03), после зборот „Велес" точката се брише и се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „за период од најмалку пет години".

Член 2

Членот 3 се брише и се заменува со:

“Член 3

Сопственикот на објектот 5 (пет) простории во вкупна површина од 108,5 м2 отстапува на користење на Центарот за поддршка на невладини организации-Велес.

Останатите простории ќе им бидат доделени за наменско користење на невладините организации од Велес.

Со сите корисници на објектот сопственикот Општина Велес ќе склучи посебни договори, по претходно донесено Решение од страна на Советот на Општина Велес."

Член 3

Се овластува Статутарно-правната комисија да изготви пречистен текст на Одлуката за наменско користење на деловна зграда сопственост на Општина Велес, и да го објави во „Службен гласник на Општина Велес”

член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во(„Службен гласник на Општина Велес").

Број 0701-484/20
10.03.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

5.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09 март 2004 година.

Број 0801-523/4
12 март 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 7 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2004 година

1.Се усвојува Прогамата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/4
09.03.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ " бр.5/02) и член 44, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес " бр. 9/00, 6/01),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 9 март 2004 година, донесе

П Р О Г Р А М А
За обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2004 година

Поаѓајќи од историските традиции , културните и други збиднувања во државата и посебно во Општината Велес ,Советот на Општина Велес во 2004 година ќе биде вклучен, а во одредени случаи ќе биде и носител на обележувањето на следните датуми :

1јануари

Годишнина од смртта на Петар Поп Арсов

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : Општина Богомила

4 јануари

50 години од смртта на Димитрија Андонов Папрадишки

Носител : Градоначалник, Совет на Општина Велес

15 февруари

Годишнина од раѓањето и смртта на Рајко Жинзифов

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОУ „ Рајко Жинзифов"

Градоначалник, Совет на Општина Велес

21-22 февруари

60 годишнина од Февруарскиот поход

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

8 март

Меѓународен ден на жената

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : Организација на жени на Општина Велес

14 март

62 години од Штрајкот на учениците во велешката гимназија

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

Гимназија "Кочо Рацин"

7 Април

60 години од загинувањето на Димче Мирчев

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

21-23 Април

62 години од формирањето на ВПО "Димитар Влахов"

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

22 Април

Светски ден на планетата земја

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : еколошките друштва во Општина Велес

28 Април

101 години Солунски атентати (Гемиџии)

Положување цвеќе на споменикот на Гемиџиите

Носител : Градоначалник, Совет на Општина Велес

1 Мај

Меѓународен ден на трудот

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : Општински синдикален совет

4 Мај

101 годишнина од загинувањето на Гоце Делчев

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : Републички одбор за обележување на настани и личности од историјата на македонскиот народ

6 мај

Годишнина од загинувањето на Петар Михов

Положување цвеќе и пригодно навраќање на значењето на Петар Михов на гробот во црквата Св. Спас

Носител :Градоначалник, Совет на Општина Велес

9 Мај

Ден на победата над фашизмот

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител :ОО на СЗБ од НОВ

24 Мај

Ден на македонските просветители Кирил и Методиј

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител :ПЕ на Министерството за образование , ОУ "Кирил и Методиј"

5 Јуни

Светски ден на екологијата

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : еколошките друштва во Општина Велес

13 јуни

61 година од загинувањето на Кочо Рацин

Почит кон Рацин во Велес и на местото на погибијата на Лопушник

Носител: Градоначалник, Совет на Општина Велес

ОО на СЗБ од НОБ

29 јуни

Почит кон македонските бранители

Обележување на 3 годишнината од загинувањето на Оливер Китановски на спомен обележјето во Башино Село

Носител : Градоначалник, Совет на Општина Велес

11 јули

Годишнина од смртта на Андреја Дамјанов

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител: Сојуз на архитекти на Македонија

12 јули

Годишнина од смртта на Панко Брашнар

Откривање на споменик на Панко Брашнар

Носител: Градоначалник, Советот на Општина Велес

26 јули

55 години од загинувањето на борците од Егејска Македонија во граѓанската војна во Грција (1946-1949)

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

2 Август

101 години Илинденско востание

Пригодно чествување на празникот

Носител: Градоначалник, Совет на Општина Велес

2 Август

60 години од I Заседание на АСНОМ

Пренесување на посмртните останки на Панко Брашнар од Голи Оток, Република Хрватска во Велес

Пригодно чествување на празникот во Меморијалниот музеј на АСНОМ во с. Горно Врановци

Носител : Републички одбор за обележување на 60 години АСНОМ, Собрание на Република Македонија, Градоначалник, Совет на Општина Велес

18 Август

Ден на армијата на Република Македонија

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани наопштинско ниво

Носител : Гарнизонот на АРМ - Велес

29 август

Годишнина од смртта на Јордан Хаџи Константинов Џинот

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : Народен театар „ ЈХК Џинот"

Градоначалник, Совет на Општина Велес

2 Септември

60 години од формирањето на Осмата македонска народноослободителна ударна бригада

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

Гарнизон на АРМ - Велес

2 Септември

63 Години од загинувањето на Коле Неделковски

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : УСО „Коле Неделковски"

ОО на СЗБ од НОВ

8 Септември

Ден на самостојноста на Република Македонија

Организирање на свечено обележување

Носител : Градоначалник, Советот на Општина Велес

10 Септември

60 години од загинувањето на борците на Осмата МНОУБ кај месноста Раштански колиби

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

14 септември

62 години од масакрот на Пуста Кула

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

22 септември

Годишнина од смртта на Димитрија Чуповски

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител: Општина Богомила

УСО „Димитрија Чуповски"

Октомври

Годишнина од смртта на Јован Наумов Алабакот

Посета на гробот во с. Ораовец

Положување цвеќе, пригодно обраќање

Носител : Градоначалник, Совет на Општина Велес

Октомври

Годишнина од смртта на Андреа Димов Докурчев

Општина Велес ќе учествува во подготовките за одбележувањето на годишнината

Носител : Градоначалник, Совет на Општина Велес

11 Октомври

Ден на востанието на македонскиот народ

Ден на борецот

Положување цвеќе на Спомен костурница

Пригодно обраќање по повод празникот

Носител : Градоначалник, Советот на Општина Велес и ОО на СЗБ од НОВ

24 октомври

60 години од загинувањето на Јовче Тесличков

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

СЕУ „Јовче Тесличков"

31 октомври

24 години од смртта на Бане Андреев Ронката

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

9 Ноември

Денот на ослободувањето на Велес општински празник

Пригодна програма, свечена седница на Советот на Општина Велес , доделување 9 то Ноемвриски награди и признанија

Носител : Градоначалник, Совет на Општина Велес

19 ноември

68 години од загинувањето на Ганчо Хаџи Панзов

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

1 Декември

Светски ден за борба против сидата

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : СНВО

13 декември

Годишнина од загинувањето на Благој Ѓорев

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител : ОО на СЗБ од НОВ

21 Декември

Годишнина од смртта на Миле Поп Јорданов

Положување цвеќе на гробот, пригодно обраќање

Носител :Градоначалник, Совет на Општина Велес

24 декември

Годишнина од смртта на Васил Главинов

Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво

Носител: ОУ „Васил Главинов"

Програмата за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2004 година ги содржи обележувањата на настани и личности значајни за историјата на Велес и Република Македонија.

Во позициите во кои како носител се јавува Советот на општината, ќе се преземат сите потребни активности за обележувањето, а во позициите каде е носител друга институција Советот на општината ќе се приклучи во обележувањето на настанот.

Оваа Програма стапува во сила осум дена од денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Велес ".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

6.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

Се прогласува Решението за разрешување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата , што Советот на

Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/18
12 март 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 392 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ"бр.14/98),член 23,став 1 точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03), а согласно Одлуката за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен гласник на Општина Велес"бр.4/98),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година донесе,

РЕШЕНИЕ
за разрешување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

1.Се разрешува Ајтов Трајко од должноста претседател на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Општина Велес.

2.Се разрешуваат
-Ѓоко Димов;
-Александар Чатмов;
-Миле Филипов;
-Јован Апостолов;
-Миле Бабунски;
-Ангел Јанев;
-Зоран Тодоров;
-Љубе Хаџи-Петрушев;
-Горан Крстев и
-Андреја Илиев
членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Општина Велес.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/18
10.03.2004 година.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Стеванка Богоевска с.р.

7.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

Се прогласува Решението за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/19
12 март 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 392 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ"бр.14/98),член 23,став 1 точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),а согласно Одлуката за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен гласник на Општина Велес"бр.4/98),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година донесе,

РЕШЕНИЕ
за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

1. За претседател на на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Општина Велес се именува:
-Асен Прличков - директор на ОУ "Васил Главинов"

2.За членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Општина Велес се именуваат:

За секретар - Киро Митков - дипл.криминалист СВР Велес

За членови:
-Зоран Тодоров-вработен во Народна техника;
-Ѓоко Димов- дипл.сообраќаен инженер Здружение на возачи;
-Љубица Манчовска-самостоен референт по сообраќај и патишта во Општина Велес ;
- Гоце Алексовски-градежен инженер во ЈП "Македонија-пат" Велес;
- Невенка Дејанова-сопственик на авто-школа и такси компанија "Денс"
- Горан Ордев-сопственик на такси компанија"Пан-такси"

- Маргарита Алексовска-раководител на индивидуална комунална хигиена во ЈКП "Дервен" Велес.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/19
10.03.2004 година.
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Стеванка Богоевска с р.

8.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Установата "Рацинови средби" за 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Установата "Рацинови средби" за 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/11
12 март 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Завршната сметка на Установата „Рацинови средби" Велес за 2003 година

1. Се усвојува Завршната сметка на Установата „Рацинови средби" Велес за 2003 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/11
10.03.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

9.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата "Рацинови средби" Велес за 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата "Рацинови средби" Велес за 2003 година , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/12
12 март 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работата на Установата „Рацинови средби" Велес за 2003 година.

1.Се усвојува Извештајот за работата на Установата „Рацинови средби" Велес за 2003 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/12
10.03.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

10.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работата на Установата "Рацинови средби" Велес за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за работата на Установата "Рацинови средби" Велес за 2003 година , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/13
12 март 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 6 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за работа на Установата „Рацинови средби" Велес за 2004 година

1.Се усвојува Програмата за работа на Установата „Рацинови средби" Велес за 2004 година.

2. Да се поправи спомен-обележјето на местото на погибијата на Кочо Рацин на Лопушник кое е во руинирана состојба, и да се направат напори организирано да се посети Лопушник на 13 јуни 2004 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/13
10.03.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

11.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Фондацијата "Коле Неделков" Велес за 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Фондацијата"Коле Неделковски" Велес за 2003 година , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/14
12 март 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р..

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Завршната сметка на Фондацијата „Коле Неделков" Велес за 2003 година

1.Се усвојува Завршната сметка на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2003 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во

„Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/14
10.03.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

12.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Фондацијата "Коле Неделковски" Велес за 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Фондацијата "Коле Неделковски" Велес за 2003 година , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/15
12 март 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работата на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2003 година

1.Се усвојува Извештајот за работата на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2003 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/15
10.03.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

13.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата "Коле Неделковски" Велес за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата "Коле Неделковски" Велес за 2004 година , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/16
12 март 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 6 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2004 година

1.Се усвојува Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

14.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето и резултатите по Завршната сметка на ЈКП "Дервен" Велес во 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето и резултатите по завршната сметка на ЈКП "Дервен" Велес во 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09 март 2004 година.

Број 0801-523/5
12 март 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работењето и резултатите по Завршна сметка на ЈКП „Дервен" Велес во 2003 година

1Се усвојува Извештајот за работењето и резултатите по Завршната сметка на ЈКП „Дервен" Велес во 2003 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/5
09.03.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

15.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Управниот одбор на ЈКП "Дервен" за 2003 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Управниот одбор на ЈКП "Дервен" за 2003 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09 март 2004 година.

Број 0801-523/6
12 март 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Извештајот за работењето на Управниот одбор на ЈКП „Дервен" Велес за 2003 година

1.Се прифаќа Извештајот за работењето на Управниот одбор на ЈКП „Дервен" Велес за 2003 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/6
09.03.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р

16.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Одборот за материјално-финансиско работење на ЈКП "Дервен" за 2003 година.

Се прогласува Заклучокот за усвојување

на Извештајот за работењето на Одборот за материјално-финансиско работење на ЈКП "Дервен" за 2000 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09 март 2004 година.

Број 0801-523/7
12 март 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 9 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Извештајот за работењето на Одборот за материјално-финансиско работење на ЈКП „Дервен" Велес за 2003 година

1.Се прифаќа Извештајот за работењето на Одборот за материјално-финансиско работење на ЈКП „Дервен" Велес за 2003 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/7
09.03.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

17.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Планот за работа на ЈКП "Дервен" за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Планот за работа на ЈКП "Дервен" за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09 2004 година.

Број 0801-523/8
12 март 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 11, став 8 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96), член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 6 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Планот за работа на ЈКП „Дервен" Велес за 2004 година

1.Се дава согласност на Планот за работа на ЈКП „Дервен"Велес за 2004 година.

2. Во работата на ЈКП „Дервен" во 2004 година приоритет да биде пуштањето во употреба на новата локација на гробиштата во Раштани.

3.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/8
09.03.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

18.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за чистење на јавно-прометните површини за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програма за чистење на јавно-прометните површини за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на

седницата одржана на 10 март 2003 година.

Број 0801-523/9
12 март 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 11, став 8 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96), член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 11 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Програмата за чистење на јавно-прометните површини за 2004 година

1.Се дава согласност на Програмата за чистење на јавно-прометните површини за 2004 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/9
10.03.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

19.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/10
12 март 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 11, став 8 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96), член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 12 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило за 2004 година

1.Се дава согласност на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило за 2004 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/10
10.03.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

20.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес при решавање на спорот со Хаџи-Панзова Душанка

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес при решавање на спорот со Хаџи-Панзова Душанка , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10 март 2004 година.

Број 0801-523/17
12 март 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 18 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03), а во согласност со член 58 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.03.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за активностите на Општина Велес при решавање на спорот со Хаџи-Панзова Душанка

1. Се прифаќа Информацијата за активностите на Општина Велес при решавање на спорот со Хаџи-Панзова Душанка.

2. Советот на Општина Велес го овластува градоначалникот да склучи спогодба со тужителката Хаџи-Панзова Душанка за разрешување на спорот настанат од склучената спогодба во 1973 година помеѓу Цеков Трајче (татко на тужителката) и Собранието на Општина Титов Велес.

3. Во спогодбата ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски на двете страни, а по исполнувањето на истите ќе се пристапи кон раскинување на спогодбата од 1973 година на судското рочиште.

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ІСлужбен гласник на Општина Велес".

Број 0701-484/17
10.03.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

21.

Врз основа на член 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.1/03) и член 9 од Одлуката за поставување мебел и опрема за комерцијални услуги на изградени инфраструктурни објекти на подрачјето на град Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.5/03)

Одделението за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Велес, донесе

П Р А В И Л Н И К
за начинот на користење на јавните пешачки површини

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите, нормативите и начинот на поставувањето и користење на мебел и подвижна опрема на изградените инфраструктурни објекти на подрачјето на град Велес (во понатамошниот текст: јавни пешачки површини), заради давање комерцијални услуги од страна на физички и правни лица.

ОПШТИ УСЛОВИ

Член 2

Поставувањето на мебелот и подвижната опрема на јавните пешачки површини кои се користат за давање на комерцијални услуги, треба да биде во соглсност со донесената Одлука за поставување мебел и опрема за комерцијални услуги на изградени инфраструктурни објекти на подрачјето на град Велес.

Член 3

Физичките и правните лица на кои им е одобрено поставување на мебел и опрема, не смеат на никаков начин да ги прицврстуваат за подлогата и треба да овозможат лесно и брзо отстранување на истите,не смеат да се поставуваат архитектонски бариери кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го отежнат и оневозможат движењето на хендикепираните лица; не смеат да превземаат градежни зафати на јавната пешачка површина што ја користат, а особено не зафати кои ги менуваат материјалот и нивелетата на пешачката површина. Исто така, над пешачката површина не смеат да се монтираат платформи или рампи од било кој материјал.

Член 4

Со користењето на јавните пешачки површини за комерцијални услуги физичките и правни лица ,не смеат да го нарушуваат карактерот и изгледот на околниот градски простор; да го отежнува или оневозможува користењето на околните објекти и простори; негативно да влијае на изгледот и користењето на објектите и зоните со статус на споменик на културата или на зоните со посебен заштитен режим; да создава бучава над дозволените граници и на било кој друг начин да ги попречува функциите на домувањето**.**

Член 5

При користење на јавните пешачки површини за давање комерцијални услуги, мебелот, подвижната опрема и јавната пешачка површина мора да се одржуваат во исправна, чиста и визуелно привлечна состојба и истите не смеат да предизвикуваат загушување и блокирање на пешачкиот сообраќај на јавните пешачки површини.

Член 6


Видот на производите и услугите кои се продаваат на јавните пешачки површини мора да овозможува краткотрајна трансакција за завршување на продажбата или услугата.

Производите, односно услугите не смеат да предизвикуваат непријатни миризби, ниту пак на било каков начин да ја валкаат или флекаат јавната пешачка површина. Исто така, производите треба да може лесно да бидат носени од пешаци, а начинот на нивното продавање не смее да произведува бучава.

Член 7

При поставувањето на мебел и подвижна опрема на јавните пешачки површини минималната слободна проодна широчина од попречниот профил на тротоарот или пешачката улица, мора да изнесува 1,50 м.

На улиците на кои има поголем обем на пешачки сообраќај минималната слободна проодна широчина може да изнесува и повеќе од 1,50 м. за што одлучува Одделението за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина (во натамошниот текст: надлежниот Општински орган).




Член 8

Поставувањето на мебел и подвижна опрема на јавните пешачки површини е дозволено само во широчина на лицето на катастарската парцела во сопственост или закуп на барателот на дозвола за користење на јавните пешачки површини.На барателите кои не се сопственици односно закупци на катастарските парцели од став 1 на овој член, може да им се издаде одобрение за краткотрајно користење на јавните пешачки површини со поставување самостојни монтажни или подвижни тезги, само во согласност со лицата од став 1 на овој член.

Член 9

Поставувањето на мебел и подвижна опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците.

Границите на оваа зона се утврдуваат на осум метри од пресечната точка на регулационите линии или на страната на пешачките премини која е подалеку од крстосницата или свртувањето, доколку нејзината оддалеченост од пресечната точка на регулационите линии е поголема од осум метри.



Член 10

При поставувањето на мебел и подвижна опрема на плоштади, аголни проширувања и други поширoки пешачки површини, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење како и одредбите од овој Правилник. За секој поединечен случај одлучува надлежниот Општински орган.

Член 11

Условите, критериумите и начинот на поставување на мебел и подвижна опрема на јавните пешачки површини се дадени во графички прикази што се составен дел на овој Правилник.


ПОСЕБНИ УСЛОВИ

а) Поставување на мебел и подвижна опрема за вршење угостителска дејност на јавни пешачки површини

Член 12

При користењето на јавните пешачки површини за вршење на угостителска дејност, поставувањето на мебелот и подвижната опрема треба да биде на начин кој ќе обезбеди непречено движење на пешаците по патека која е јасна, прегледна и права.


Пешачката патека е определена со нејзината слободна проодна широчина и нејзиниот коридор кој го чинат вертикалните рамнини чиишто пресеци со јавната пешачка површина се подложните граници на пешачката патека. Во коридорот на пешачката патека не е дозволено навлегување на било кој елемент од мебелот и подвижната опрема под височината од 2.40 м. Исклучок од ова правило се тендите коишто смеат да се поставуваат на височина од најмалку 3.20 м. над површината на пешачката патека.



Член 13

Мебелот и подвижната опрема, по правило, се поставуваат кон внатрешноста на тротоарот - до регулационата линија.

Од ова правило може да се отстапи само кога широчината на тротоарот овозможува поставување на мебел и подвижна опрема единствено кон работ на тротоарот - помеѓу постојната урбана опрема, дрвореди, улични светилки и сл., а слободната пешачка патека е покрај регулационата линија.



Член 14

Минималната широчина на површината за угостителска дејност изнесува:


-за пултови: 0.80 м.

-за шанкови со столици: 1.20 м.

- за маси со столици или клупи на кои се служи само пијалок и слатки, пециво или сл.:1.20 м.

-за маси со столици или клупи на кои се служат полни оброци: 1.50 м.

Максималната широчина на површината за угостителска дејност ја утврдува надлежниот Општински орган во зависност од минималната широчина на слободната пешачка патека, од интензитетот на пешачкото движење и од други конкретни услови на локацијата кои можат да имаат значење на нејзиното определување.




МИНИМАЛНА ШИРИНА НА ПОВРШИНА ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ
А. ЗА ПУЛТ
Б. ЗА ШАНК СО СТОЛИЦИ
В. ЗА МАСИ СО СТОЛИЦИ НА КОИ СЕ СЛУЖИ САМО ПИЈАЛОК, СЛАТКИ, ПЕЦИВА И СЛ.
Г. ЗА МАСИ СО СТОЛИЦИ ИЛИ КЛУПИ НА КОИ СЕ СЛУЖАТ ПОЛНИ ОБРОЦИ

Член 15

При поставувањето на мебел и подвижна опрема на тротоар мора да се почитуваат следните услови:


- да биде обезбедена слободна проодна широчина согласно член 7;
- во мерењето на слободната проодна широчина да не влегува широчината на велосипедската патека ниту пак широчината во која се поставени дрвореди или елементи на урбана опрема како што се улични светилки, клупи, огласни паноа, знаци и сл;
- кога пешачката патека се поставува во делот на тротоарот кон коловозот, слободната проодна широчина се мери од надворешниот раб на тротоарот;
- кога на делот на тротоарот кон коловозот се поставени дрвореди или урбана опрема слободната проодна широчина се мери од внатрешниот раб на линиски поставените елементи на урбаната опрема или дрворедот;
- кога пешачката патека се наоѓа во средишниот дел на тротоарот помеѓу две површини на кои е поставен мебел и подвижна опрема слободната проодна широчина изнесува најмалку 1.80 м;
- кога површината на која се поставува мебелот и подвижната опрема е на делот на тротоарот кон коловозот, таа мора да биде оддалечена од надворешниот раб на тротоарот најмалку 0.25 м.



Член 16

При поставувањето на мебел и подвижна опрема на пешачка улица мора да се почитуваат следните услови:

- пешачка патека, по правило, се поставува симетрично во однос на оската на улицата. По исклучок, пешачката патека може да се постави и само на едната страна на улицата;
- кога пешачката патека е поставена во средината, слободната проодна широчина треба да зафаќа најмалку 1/3 од широчината на улицата, но не помалку од 1,80 м.;
- кога пешачката патека е поставена само на едната страна на улицата слободната проодна широчина мора да зафаќа најмалку 1/3 од широчината на улицата, но не помалку од 1,50м.;
- кога пешачката патека е разделена на обете страни на улицата вкупната слободна проодна широчина мора да зафаќа најмалку 1/5 од широчината на улицата, при што широчината на поединечната патека не смее да биде помала од 1,50 м.



Ш - ШИРИНА НА ПЕШАЧКА УЛИЦА

А > 1,5 м; Б > 1,5 м; А + Б > Ш/2

а) Поставување на мебел и подвижна опрема за вршење трговска дејност на јавни пешачки површини

Член 17


Поставувањето на мебел и подвижна опрема за вршење на трговска дејност на јавните пешачки површини е дозволено само во внатрешната зона на тротоарот до регулационата линија, односно покрај фасадата на објектите вградени на регулационата линија.



Член 18

Поставувањето на мебелот и подвижната опрема треба да биде на начин кој ќе обезбеди непречено движење на пешаците по патека која е јасна, прегледна и права.

Пешачката патека е определена со нејзината слободна проодна широчина и нејзиниот коридор кои го чинат вертикалните рамнини чиј што пресек со јавната пешачка површина се подолжните граници на пешачката патека. Во коридорот на пешачката патека не е дозволено навлегување на било кој елемент од мебелот и подвижната опрема под височината од 3,20 м. над површината на пешачката патека.




Член 19

Минимална широчина на површината за трговска дејност изнесува 0,80 м.

Максималната широчина на површината за трговска дејност изнесува 2,40 м.

Таа може да биде и помала што зависи од минималната широчина на слободната пешачка патека, од интензитетот на пешачкиот сообраќај и од други услови кои можат да имаат значење за нејзиното определување, а ја утврдува надлежниот општински орган во зависност од конкретните услови на локацијата.



Член 20

При поставувањсето на мебел и подвижна опрема на тротоар мора да се почитуваат следните услови:


- да биде обезбедена слободна проодна широчина согласно член 7;

- во мерењето на слободната проодна широчина да не влегува широчината на велосипедската патека ниту пак широчината во која се поставени дрвореди или елементи на урбана опрема како што се улични светилки, клупи, огласни паноа, знаци и сл.;

- слободната проодна широчина се мери од надворешниот раб на тротоарот;

- кога на делот на тротоарот кон коловозот се поставени дрвореди или урбана опрема слободната проодна широчина се мери од внатрешниот раб на линиски поставените елементи на урбаната опрема или дрворедот;

- доколку употребната страна на мебелот и подвижната опрема е ориентирана кон пешачката патека се пресметува манипулативна широчина од 0,80 м. која не е дел од слободната проодна широчина.



в) вршење угостителска или трговска дејност на јавни пешачки површини со самостојни монтажни или подвижни тезги

Член 21

При краткотрајно користење на јавните пешачки површини за вршење трговска или угостителска дејност, самостојните монтажни или подвижни тезги можат да бидат со типска или уникатна изработка.

Кога самостојните монтажни или подвижни тезги се поставуваат во големи формации на централно градски и други значајни пешачки површини тие мора да имаат унифициран изглед.


Член 22

При поставувањето на самостојните монтажни или подвижни тезги мора да се почитуваат следниве услови:


- да биде обезбедена слободна проодна широчина согласно член 7;

-во мерењето на слободната проодна широчина да не влегуваат дрвја, дрвореди или елементи на урбана опрема како што се улични светилки, клупи, огласни паноа, знаци и сл.;

-во мерењето на слободната проодна широчина да не се пресметува манипулативен простор од 0,80 м. од двете страни на самостојните монтажни или подвижни тезги (од страната на продавачот и од страната на купувачот);



-кога се поставуваат во линиски формации, вкупната должина на една група споени тезги не смее да надминува 12,00 м. заради обезбедување на попречни пешачки патеки.



г) висина на закупнината за користење на јавните пешачки површини

Член 23

Висината на закупнината за користење на јавните пешачки површини се утврдува според:;
утврдената локација;големината на површината која се користи и времетраењето на дозволата за поставување на мебелот и опремата за комерцијални услуги и тоа:

Утврдената висина на закупнината се уплатува на ж-ска:300270000004145 Буџет на Општина Велес, даночен број 4004996104958 Комерцијална банака-Велес, со назнака "за користење на јавна пешачка површина".

ред.бр.	Времетраење на дозволата за поставување на мебел и опрема	висина од ден	висина месечно
1.	*сезонзко* користење на јавните пешачки површини	8,оо ден/м^2	240,оо ден/м^2
2.	*целогодишно* користење на јавните пешачки површини	6,оо ден/м^2	180,оо ден/м^2
3.	*краткотрајно* користење на јавните пешачки површини	15,оо ден/м^2	450,оо ден/м^2

Член 24

Во зависност од времетраењето на користењето на површината закупнината се плаќа на следниов начин:

- *сезонското* и *целогодишното* користење на површината се плаќа од напред во целост, а доколку висината на закупнината изнесува над 20.000,оо денари може и на две рати.

- *краткотрајно* користење на површината се плаќа еднократно и однапред.

За обезбедување на плаќање на закупнината од алинеа 1 на овој член се депонираат граѓански чекови или банкарска гаранција во висина на вкупниот износ на закупнината, во зависност од времетраењето на дозволата.

Член 25

Доколку се постапува согласно член 22 од Одлуката за отстранување на мебелот и опремата,трошоците се наплатуваат од лицето кое ги поставило без дозвола мебелот и опремата,по доставена фактура од извршителот кој го врши отстранувањето.

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 26

При поднесување на барање за добивање на дозвола за поставување на мебел и опрема на јавна пешачка површина, барателот е должен согласно член 15 од Одлуката за поставување мебел и опрема за комерцијални услуги на изградени инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Велес да достави и детален цртеж со опис на постојната состојба на бараната површина со околниот простор во размер 1:50 и детален цртеж со опис на бараната површина со мебелот и подвижната опрема која се поставува на површината во размер 1:50.

Деталниот цртеж на постојната состојба на јавната пешачка површина со околниот простор содржи приказ на регулационата линија, лицето на градежната парцела, градежната линија, постојните објекти и рабникот на тротоарот, а кога станува збор за пешачка улица, приказ на наведените елементи на обете страни на улицата. Во цртежот мора да бидат прикажани влезовите во објектот, излозите или други фасадни отвори, влезовите во соседните објекти, рампи, скали, велосипедски патеки, дрвја и дрвореди, улични светилки, клупи, корпи за отпадоци, столчиња и друга урбана опрема, третманот на завршниот слој и начинот на обработка, третманот на ограденоста околу дрвјата и се што може да има влијание на донесувањето на Одлуката за поставување на мебел и подвижна опрема.

Деталниот цртеж на бараната површина ги содржи димензиите и границата на бараната површина, целокупниот мебел и подвижна опрема кои треба да бидат поставени, слободните проодни широчини на пешачките патеки, растојанијата до рабникот и до регулационата линија и други релвантни елементи.

Сите елементи прикажани на деталните цртежи мора да бидат прецизно исцртани и котирани.

Член 27

Дозволата за *сезонско* поставување на мебел и подвижна опрема за комерцијални услуги на јавните пешачките површини има важност од најмногу 6 месеци.

Дозволата за *целогодишно* поставување на мебел и подвижна опрема за вршење на трговска дејност на јавните пешачки површини се издава со важност од 1 година.

Надлежниот општински орган може да издаде дозвола од ставот 1 и 2 на овој член и со пократок период на важење доколку за ова постојат оправдани причини.

Дозволата за *краткотрајно* користење на јавните пешачки површини за вршење комерцијални услуги на самостојни монтажни или подвижни тезги се издава со важност од најмногу 30 дена.

По истекувањето на рокот на важноста на дозволата имателот на дозволата е должен мебелот и подвижната опрема да ги отстрани, јавната пешачка површина да ја исчисти, а доколку во текот на користењето површината биде оштетена потребно е да ја доведе во првобитна состојба непосредно по отстранувањето на мебелот и подвижната опрема.

Член 28

Важноста на издадената дозвола од член 24, став 1 може да се продолжи а барањето за продолжување може да се поднесе најдоцна 1 месец пред истекот на неговата важност.

Важноста на дозволата се продолжува доколку не се изменети околностите под кои истата е издадена.

Надлежниот општински орган го разгледува барањето за продолжување, врши увид и проверка на состојбата на лице место и одлучува по барањето.

Дозволата со продолжена важност ја има истата содржина како и првобитната.

ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 29

По добивањето на дозволата за комерцијално користење на јавните пешачки површини во смисла на член 16 Одлуката за поставување мебел и опрема за комерцијални услуги на изградени инфраструктурни објекти на подрачјето на град Велес, имателот на дозволата е должен во рок од 30 дена да го прилагоди мебелот, подвижната опрема и користењето на јавната пешачка површина со Одредбите на овој правилник.

Доколку имателот на дозволата не го исполни условот од став 1 од овој член кон него ќе се применат одредбите од член 22 од Одлуката.

Член 30

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Бр.1801-394/1
27.02.2004 год
Велес

Раководител,
на Одделение за комунални работи, урбанизам
сообраќај и заштита на животната средина
диа.Соња Пренџова Јуруковска с.р

22.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања на Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.02.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец февруари 2004 година

Член 1

За месец февруари 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за вршењето функција член на Советот, работа во работните тела на Советот на Општина Велес (разгледување и проучување на материјали за Советот, давање предлози и иницијативи, контактирање со институции и граѓани, посета на месни заедници, општествени организации и здруженија на граѓани и вршење на други активности кои произлегуваат од правата и должностите на членовите на Советот определени со Закон и Статутот на Општината) во износ од 5.000,оо денари.

Член 2

На претседателот на Советот на Општина Велес за месец февруари 2004 година му се определува надоместок на трошоците во износ од 9.000,оо денари.

Член 3

На членовите на работните тела на Советот на Општина Велес кој не се членови на Советот на Општина Велес (надворешни членови) за присуство и работа на седниците на работните тела им се определува надоместок во износ од 8% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

Член 4

На членовите на Советот, определени за склучување на бракови им се определува надоместок во износ од 500,оо денари ,за секој ден на ангажираност за склучување на бракови без оглед на тоа колку бракови членот склучил во тој ден.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јануари 2004 година ("Сл.гласник на Општина Велес "бр.9/03 и Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јануари бр.1001-171/3 од 30.01.2004 година).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува за месец февруари 2004 година.

Број 1001-413/2
27.02.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за давање предлози
избор,именување и мандатни прашања
Марјанчо Николов с.р.

23.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања на Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.02.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец март 2004 година

Член 1

За месец март 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес им сеопределува надоместок за присуство на одржана седница на Советот на Општина Велес, без оглед на времетраењето на седницата во износ од 30% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три

месеци, и надоместок за патни и дневни трошоци во висина од 8% од просечната исплатена месечна нето плата за последните три месеци во Република Македонија.

Член 2

За месец март 2004 година на членовите на Советот на Општина Велес и надворешни членови им се утврдува надоместок за присуство и работа на седниците на работните тела на Советот на Општина Велес, без оглед на времетраењето на седницата во износ од 8% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

Доколку на денот на одржувањето на седница на Советот на Општина Велес, се одржува седница на работно тело-одбор или комисија,надоместок за присуство и работа на седниците на работните тела на членовите на Советот не им се исплатува.

Член 3

На претседателот на Советот на Општина Велес за месец март 2004 година му се определува надоместок на трошоците во износ од 9.000,оо денари.

Член 4

На членовите на Советот ,определени за склучување на бракови им се определува надоместок во изност од 500,оо денари ,за секој ден на ангажираност за склучување на бракови без оглед на тоа колку бракови членот склучил во тој ден.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец февруари (бр.1001-413/2).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес" ,а ќе се применува за месец март.

Број 1001-413/3
27.02.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за давање предлози за избор,именување и мандатни прашања
Марјанчо Николов.с,р.

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година "Сужбен гласник на Општина Велес"бр.9/03 направена е грешка поради што се дава следнава:

И С П Р А В К А

1.Во поглавието "V Пресметување на трошоци за уредување на градежно земјиште" ",во табеларниот преглед по завршувањето на редниот број "VI одржување на тротоари"следи:

VII	**Изградба и одржување на потпорни ѕидови**	**6.220.000,00**	**9,89**
1.	Регулација на р. Вардар	5.000.000,00	80,39
2.	Потпорни ѕидови на ул."Белградска"	500.000,00	8,04
3.	Потпорен ѕид на пресекот на ул."Љубљанска" со ул."Игманска"	250.000,00	4,02
4.	Потпорени ѕидови на ул."Андреа Дамјанов"	300.000,00	4,82
5.	Потпорен ѕид на ул."Стеван Бобев"	70.000,00	1,13
6.	Потпорни ѕидови на ул."Роса Плавева"	100.000,00	1,61

2.Во истото поглавие и табелерен преглед во редниот број "XII редовно одржување на комунални објекти"после редниот број 7 следи:

XII	**Редовно одржување на комунални објекти**	**20.831.000,00**	**33,11**
8.	Одржување на возила (гориво, мазиво, резрвни делови)	500.000,00	2,40
9.	Градски чешми	150.000,00	0,72

Број 0701-614/1
23.03.2004година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Стеванка Богоевска с.р.

Во Одлуката за измана и дополнување на ДУП за дел од МЗ" Трајче Панов " -Младински парк -Велес("Сл.гласник на Општина Велес"бр.2/02) е направена грешка по што се дава следната:

И С П Р А В К А

Во член 2 ,став 1,алинеа 1 во текстуалниот и графичкиот дел на -лист бр.5 "намена на површини";-лист бр.6 "површини за градба";-лист бр.7 "сообраќаен план";-лист бр.8 "котен план";-лист бр.9 "инфраструктурен план";-лист бр. 10"синтезен план",во делот на димензијата на површината за градба на објект наместо бројот"40м´" треба да стои"42м´".

Број 0701-615/1
23.03.2004година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Стеванка Богоевска.с,р.

Бр на акт	С О Д Р Ж И Н А	Страница
1	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Велес за 2003 година**	1
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Велес за 2003 година	
2	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за преземање на основачките права на Народната библиотека "Гоце Делчев"-Велес и Народниот музеј-Велес**	27
	О Д Л У К А за преземање на основачките права на Народната библиотека „Гоце Делчев" Велес и Народниот музеј Велес	
3	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на ДУП за Централно градско подрачје-локалитет “Е”**	
	О Д Л У К А на измена и дополнување на ДУП за Централно градско подрачје - локалитет "Е”	
4	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за наменско користење на деловна зграда-објект сопственост на Општина Велес**	28
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за наменско користење на деловна зграда-објект сопственост на Општина Велес	
5	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2004 година**	29
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2004 година	
	П Р О Г Р А М А За обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2004 година	
6	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**	32
	РЕШЕНИЕ за разрешување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата	
7	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата**	33
	РЕШЕНИЕ за именување на претседател и членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата	

Бр на акт **Страница**

8	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Установата "Рацинови средби" за 2003 година**	34
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Завршната сметка на Установата „Рацинови средби" Велес за 2003 година	
9	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата "Рацинови средби" Велес за 2003 година**	
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за работата на Установата „Рацинови средби" Велес за 2003 година.	
10	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работата на Установата "Рацинови средби" Велес за 2004 година**	35
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за работа на Установата „Рацинови средби" Велес за 2004 година	
11	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Фондацијата "Коле Неделковси" Велес за 2003 година**	
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Завршната сметка на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2003 година	
12	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Фондацијата "Коле Неделковски" Велес за 2003 година**	36
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за работата на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2003 година	
13	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата "Коле Неделковски" Велес за 2004 година**	
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за работа на Фондацијата „Коле Неделковски" Велес за 2004 година	
14	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето и резултатите по завршната сметка на ЈКП "Дервен" Велес во 2003 година**	37
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештајот за работењето и резултатите по Завршна сметка на ЈКП „Дервен" Велес во 2003 година	
15	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Управниот одбор на ЈКП "Дервен" за 2003 година**	
	З А К Л У Ч О К за прифаќање на Извештајот за работењето на Управниот одбор на ЈКП „Дервен" Велес за 2003 година	

Бр на акт **Страница**

16	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Одборот за материјално-финансиско работење на ЈКП "Дервен" за 2003 година.**	
	З А К Л У Ч О К за прифаќање на Извештајот за работењето на Одборот за материјално-финансиско работење на ЈКП „Дервен" Велес за 2003 година	
17	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Планот за работа на ЈКП "Дервен" за 2004 година**	38
	З А К Л У Ч О К за давање согласност на Планот за работа на ЈКП „Дервен" Велес за 2004 година	
18	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за чистење на јавно-прометните површини за 2004 година**	
	З А К Л У Ч О К за давање согласност на Програмата за чистење на јавно-прометните површини за 2004 година	
19	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2004 година**	39
	З А К Л У Ч О К за давање согласност на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило за 2004 година	
20	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информација за активностите на Општина Велес при решавање на спорот со Хаџи-Панзова Душанка**	
	З А К Л У Ч О К за прифаќање на Информацијата за активностите на Општина Велес при решавање на спорот со Хаџи-Панзова Душанка	
21	**П Р А В И Л Н И К за начинот на користење на јавните пешачки површини**	40
22	**О Д Л У К А за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец февруари 2004 година**	50
23	**О Д Л У К А за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец март 2004 година**	
	И С П Р А В К А	51
	И С П Р А В К А	52

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, одговорен уредник Петре Најдов

телефон:232-966, Жиро-сметка 300-27000000-48